# КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИ

1. Учениците треба да доаѓаат точно навреме на настава според распоредот што го добиле од своите наставници.
2. На учениците пред влезот на училиштето, им се мери телесна температура со безконтактен топломер.
3. На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој ќе се грижи ученикот.
4. Употребата на тоалетите ќе се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот кој е внатре).
5. Учениците ќе ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
6. Учениците носат оброк/храна од дома.
7. Учениците оброкот ќе го консумираат во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската прекривката од лице во училница.
8. При преминувањето низ заедничките простории учениците не треба да допираат површини или предмети во просторот каде се движат.
9. Учениците не треба да ги споделуваат своите лични работи (моливи, гуми и др.) со своите другарчиња согласно околностите заради нивна заштита.